РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 04.02.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 558/1 | | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово;
3. **Период опфатен со надзорот:** 28 јануари 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 февруари 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година)
6. **Претходно изречена мерка:**

*На 26.12.2024 година, за непочитување на членот 14 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка јавна опомена (Уп1 бр. 03-353 од 26.12.2024 година) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово.*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението (30.12.2024 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, емитуван на 28 јануари 2025 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на членот 14 од Законот за медиуми.**

Спротивно на Законот и на Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, без импресум беа емитувани: снимка од фестивалот на албанските песни и ора, снимка од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша и снимка од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука.

На соодветно место, за секоја содржина од програмскиот сервис, радиодифузерот е должен да ги емитува податоците со кои се идентификуваат авторите што

учествувале во подготовката на содржината: - *името и презимето на одговорниот уредник на програмскиот сервис; - името и презимето на одговорниот уредник на редакцијата од која произлегува програмата; - името и презимето на уредникот / авторот / водителот на емисијата; - името и презимето на коавторите, односно севкупната ТВ-екипа со удел во целината на аудиовизуелното дело; - називот на субјектот што ја произвел програмата; - датумот на продукцијата*.

28 јануари 2025 г.

| **Наслов на емисијата** | **Период на емитување** | |
|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** |
| Снимка од фестивалот на албанските песни и ора | 00:00:00 | 01:19:40 |
| Снимка од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша | 12:59:20 | 14:03:40 |
| Снимка од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука | 14:30:36 | 15:38:20 |

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, на 28 јануари 2025 година, не ги објави податоците за импресум на снимката од фестивалот на албанските песни и ора, на снимката од одржаната манифестација по повод поставувањето на трите букви на УЧК во с. Тануша и на снимката од одржаната манифестација по повод Денот на албанската азбука.

**9. Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка јавна опомена донесено на 26.12.2024 година, ТРД ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово не ја отстрани повредата, односно продолжи со вршење на истата повреда на Законот за медиуми.

Оттаму:

- Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЊУЗ ДООЕЛ Куманово, и во согласност со точката 7 од Упатството, да му наложи – во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***